Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

Катедра за имплантологија, Катедра за орална хирургија

✓ Курс/работилница со апликација на вештина на модел



Проф. д-р Даниела Велеска-Стевковска

Проф. д-р Билјана Евросимовска

„ФЛАП ДИЗАЈН И ОРАЛНОХИРУРШКИ СУТУРИ. БАЗИЧНИ ПРИНЦИПИ“

“FLAP DESIGN AND ORAL SURGICAL SUTURES. BASIC PRINCIPLES“

СКОПЈЕ | 22.01.2027 г. | 10,00 ч. | ТРАЕЊЕ НА КУРСОТ: 1 ден


АПСТРАКТ ЗА КУРСОТ:

Работилницата се состои од теоретски и практичен дел. Во тек на практичниот дел партиципиентите ќе имаат можност да ги подобрат своите практични способности и да дизајнираат различни видови на мукопериостален флап и различни видови на сутури на модели кои најдобро го имитираат реалното хируршко поле.

Висина на надоместокот за учество: 7500 ден
ЛИНК за регистрација ќе биде ДОПОЛНИТЕЛНО ОБЈАВЕН

Опис на работилница:

Хирушката сутура се дефинира како медицинско средство со кое се стабилизираат ткивата по хируршка интервенција или повреда, се реапроксимираат краевите на раната, се заштитуваат ткивата од иритација и инфекција и се превенира интра и постоперативната хеморагија. Во тек на работилницата партиципантите ќе се запознаат со хируршкиот сет за сутура, различните видови на атрауматски конци и материјали за сутура, степенот на ресорпција на истите (ресорптивни и нересорпивни сутури) и индикациите за поставување на сутурите како и за базичните техники на сутурирање.



Дизајнирањето на флапот претставува клучен прв чекор во оралнохируршките интервенции кој овозможува соодветен пристап и видливост до оперативното поле.

Правилниот избор на тип на флап (енвелоп, сулкусен-низ гингивалниот сулкус без вертикални ослободувачки инцизии), маргинално-гингивален, троаголен или трапезоиден) зависи од специфичната индикација.

Зачувувањето на васкуларизацијата и правилното ракување со меките ткива при елевацијата и ретракцијата на флапот се од витално значење за спречување некроза и обезбедување брзо и непречено постоперативно зараснување.